Франк Карстен и Карел Бекман

# МИТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА

ИЗДАВАЧКИ ЦЕНТАР ТРИ
ул. Његошева 29А, 1000 Скопје, Македонија
тел./факс: +389 2 3245 622
e-mail: tri@kniga.com.mk
www.kniga.com.mk

Главен уредник Винка Саздова

Арт директор Александар Саздов

Уредник Бојан Саздов

Наслов на оригиналот
Frank Karsten, Karel Beckman
BEYOND DEMOCRACY

© 2014 Frank Karsten and Karel Beckman
macedonian.beyonddemocracy.net

© за македонското издание, Борјан Пановски
и Издавачки центар ТРИ, 2014

Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од авторот и од издавачот.

Франк Карстен и Карел Бекман

# МИТОТ ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА

Зошто демократијата не нуди солидарност, просперитет и слобода туку создава поизразена нееднаквост и конфликт во општествените слоеви, неконтролирана јавна потрошувачка и зголемена репресија од страна на власта?

*Предговор, превод од англиски, белешки и коментари*

Борјан Пановски

ТРИ

# Содржина

Предговор ........ 5

ВОВЕД
ДЕМОКРАТИЈАТА – ПОСЛЕДНОТО ТАБУ ........ 9

Демократска религија ........ 11
Демократија = колективизам ........ 14

I. МИТОВИ ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА ........ 18

Мит 1
Секој глас е важен ........ 18
Мит 2
Во демократијата власта е во рацете на народот ........ 31
Мит 3
Мнозинството имаправо ........ 26
Мит 4
Демократијата е политички неутрална ........ 28
Мит 5
Демократијата води кон просперитет ........ 36
Мит 6
Демократијата е потребна за да се обезбеди правична распределба на богатството и да им се помогне на сиромашните слоеви ........ 43
Мит 7
Само во демократијата луѓето можат да живеат заедно во слога и мир ........ 47
Мит 8
Демократијата е незаменлива за градење на заедничка општествена припадност ........ 54

Мит 9
Демократијата е синоним за слобода и толеранција ... 57
Мит 10
Демократијата промовира мир и борба против корупцијата ... 64
Мит 11
Во демократијата луѓето го добиваат тоа што го сакаат ... 69
Мит 12
Сите ние сме демократи ... 74
Мит 13
Не постои подобра алтернатива ... 77

II. КРИЗА НА ДЕМОКРАТИЈАТА ... 81

Гревовите на демократијата ... 83
Зошто работите одат кон полошо ... 88
Зошто ни е потребно помалку демократија ... 91

II. КОН НОВИОТ ПОЛИТИЧКИ ИДЕАЛ ... 93

Децентрализација и индивидуални слободи ... 95
Слободен пазар на управување ... 96
Децентрализацијата во Швајцарија ... 98
Општество на доброволни договори ... 101
Патот кон слободата ... 104
Иднината е светла ... 107

Поговор
ЛИБЕРТАРИЈАНИЗМОТ И ДЕМОКРАТИЈАТА ... 112

ЦИТАТИ ЗА ДЕМОКРАТИЈАТА ... 116

ПРЕПОРАЧАНИ ИЗВОРИ НА ИНТЕРНЕТ И ЛИТЕРАТУРА ... 118

Мит 5
## ДЕМОКРАТИЈАТА ВОДИ КОН ПРОСПЕРИТЕТ

Голем број демократски земји се богати и населението има висок животен стандард, па луѓето мислат дека причина за тоа е демократијата и дека без демократија не може да се постигне просперитет. Всушност, точно е спротивното. Демократијата не води кон просперитет, туку го уништува претходно создаденото богатство.

Вистина е дека повеќето западни демократии се богати и просперитетни земји. Во другите делови на светот таа корелација не важи. Сингапур, Хонг Конг и голем број земји во Персискиот Залив не се демократски, а сепак се просперитетни. Многу земји во Африка и Јужна Америка се демократски, а сепак не се економски просперитетни, освен неколку исклучоци. Западните демократии не се просперитетни поради демократијата. Напротив, нивното богатство е резултат на долгата традиција на слобода, кога државата сѐ уште немала целосна контрола над општеството и економијата. Но оваа традиција е во перманентно опаѓање со појавата на демократијата. Приватниот сектор е во непрестајна бавна ерозија, процес кој се заканува да го уништи целото богатство што овие земји го создале низ вековите.

Просперитет има секаде каде што правата на поединците се адекватно заштитени, а особено правото на приватна сопственост. Со други зборови, богатство се создава секогаш кога луѓето имаат можност да располагаат со резултатите од сопствениот труд. Во тие случаи, луѓето се мотивирани да работат повеќе, да преземаат ризици и рационално и ефикасно да ги користат постојните ресурси.

---

**ВО ДЕМОКРАТИЈАТА НА ГРАЃАНИТЕ ИМ Е ДОЗВОЛЕНО ДА СЕ ЗАЛАГААТ ЗА СОПСТВЕНИ ПРИДОБИВКИ ОД СИСТЕМОТ, И СЕТО ТОА НА СМЕТКА НА ДРУГИТЕ.**

---

Со други зборови, ако луѓето се принудени да ѝ ги отстапат резултатите од сопствениот труд на Државата, што е делумно и случај во демократијата, тогаш тие се помалку мотивирани да се трудат до максимум. Уште повеќе, државата сигурно ќе ги употреби овие одземени ресурси на неефикасен начин. Демократски избраните владетели не работеле за да ги создадат овие ресурси – па ќе ги користат за сосем други намени од луѓето кои ги создале.

Како функционира ова во демократијата? Може да го спо-редиме со примерот на група од десет луѓе кои вечераат во ресторан и однапред се согласиле дека ќе ја поделат сметката на десет еднакви износи. Со оглед на тоа дека 90% од сметката ќе биде платена од другите, секој е мотивиран да го нарача најскапото јадење кое можеби не би го нарачале ако треба сами да си ја платат сметката. Истовремено, поради тоа што секоја заштеда во нарачката на еден човек влијае само 10% во крајната сметка, никој нема мотивација да биде скромен. Резултатот од ова е дека крајната сметка ќе биде многу повисока отколку ако секој поединечно би платил за својата вечера.

Во економијата, овој феномен е познат како „трагедија на заедничкото добро“[8]. Да земеме пример со ливада која е во заедничка сопственост на неколку фармери. Со оглед на тоа дека ливадата е заедничка, секој фармер е мотивиран неговото стадо да пасе што повеќе (на сметка на другите) и нема никаква мотивација да го прибере своето стадо порано, бидејќи стадата на другите фармери ќе ја изедат преостанатата трева. Според тоа, бидејќи ливадата им припаѓа на сите, т.е. никому посебно, крајниот резултат е нејзино опустошување.

Демократијата функционира на сличен начин. Граѓаните се мотивирани да го искористуваат системот пред другите да го направат тоа, или на сметка на другите. Луѓето гласаат за политички партии кои се залагаат некој друг да плати за нивни-

---

8 Оригиналот е „The Tragedy of the Commons“ – во економска смисла, тоа значи забрзано искористување или уништување на одреден заеднички ресурс од страна на секој корисник посебно, поаѓајќи од сопствениот, краткорочен личен интерес, што е спротивно од долгорочниот интерес на заедницата која го поседува тој ресурс.

те лични желби (бесплатно образование, високи социјални бенефиции, детски додаток, повеќе патишта, бесплатен превоз итн.). Во претходниот пример со поделбата на трошокот за вечерата, работите не може да излезат од контрола затоа што во една мала група луѓето се на некој начин ограничени од обѕир спрема пријателите, но со милиони гласачи во демократијата не постојат такви ограничувања.

Политичарите се избираат за да манипулираат со системот. Тие управуваат со „јавниот" имот. Но бидејќи не се сопственици на јавниот имот, не се ни мотивирани да бидат економични или ефикасни. Напротив, нивната главна мотивација е да се искористи и да се потроши што повеќе, што тие ќе си го припишат како сопствена заслуга, додека идната генерација и сите други, всушност, ќе ја платат сметката. Нели тие работат за задоволување на интересите на гласачите? За нив тоа е многу поважно отколку долгорочниот интерес на земјата. Резултатот е неефикасност и расипништво.

Не само што се мотивирани да трошат што повеќе додека се на функција, туку политичарите се исто така мотивирани и лично да профитираат што повеќе додека се одговорни за управувањето со јавните фондови. Штом ќе бидат заменети од функцијата, можностите за лесно лично богатење ќе престанат.

Овој систем е катастрофален за економијата. Колку катастрофален ќе биде, допрва треба да дознаеме. Крајната сметка за неконтролираното трошење на нашите демократски влади сè уште не е стигната и допрва ќе треба да се плати.

Огромните јавни долгови се резултат на огромните буџетски дефицити, кои не случајно се карактеристика на сите демократски земји. Во САД демократското трошење веќе е излезено од контрола, па националниот долг на САД веќе изнесува 16 илјади милијарди долари (16.000.000.000.000 долари) или, отприлика, 50.000 долари по жител[9]. Во повеќето европски

9 За илустрација на големината и димензијата на овој износ ќе го дадеме следниов пример: ако се трошат 100 милиони долари дневно, ќе бидат потребни 438 години за да се потрошат 16 илјади милијарди долари. Со други зборови, трошењето требало да почне во средниот век, во периодот на ренесансата, за да се потрошат сите пари до денес.

земји ситуацијата е слична. Холандскиот национален долг на крајот на 2010 порасна на 380 милијарди евра, или 25.000 евра по жител. Сите овие долгови ќе треба некој некогаш да ги плати, а тоа ќе бидат даночните обврзници, односно сите ние. Уште сега даночните обврзници се изложени на огромни трошоци само за сервисирање на каматите на јавниот долг. Во 2009 година Холандија плати 22 милијарди евра камата на својот јавен долг, повеќе од вкупните годишни трошоци за инфраструктура и одбрана. Ова е чисто фрлање на пари поради минатите неконтролирани трошења на парите на даночните обврзници.

Но расипништвото не застанува овде. Нашите политичари не само што собираат даноци, од кои повеќето се бескорисно потрошени, тие дури успеаја да добијат контрола и врз целиот финансиски систем и врз парите. Преку Федералните резерви во САД и Европската централна банка во ЕУ (и генерално за сите централни банки) нашите демократски влади одредуваат што ќе се користи како пари, колку пари ќе се создадат и ќе бидат во оптек во економијата и колкави ќе бидат каматните стапки. Истовремено, тие ја поништија врската меѓу парите во форма на хартија и златото како средство со универзална вредност. *Целиот финансиски систем, вклучувајќи ги сите наши заштеди, пензиски фондови и сите пари и куповна моќ кои мислиме дека ги имаме, се базирани врз хартии кои ги издава државата и кои не се обезбедени со ништо.*

Предноста на овој систем за властите е очигледен. Тие имаат бесконечен извор на пари кој може да се користи кога ќе посакаат. Ниту еден апсолутистички владедел во минатото не располагал со такво нешто. Нашите демократски избрани лидери можат во секој момент да ја напумпаат економијата со свежо „отпечатени“ пари (и патем и лично да се збогатат) за да си ја зголемат популарноста.[10] Ова се прави преку Централната

[10] Друг често применуван начин за инјектирање пари во економијата е задолжување преку издавање државни обврзници. Сè додека на домашните и меѓународните пазари на капитал постои побарувачка за тие должнички инструменти, владите имаат неограничена можност за задолжување и го користат тоа, иако нивото на задолженост е толку високо што ја доведува

банка, која преку комерцијалните банки го спроведува процесот на инјектирање на свежи пари во економијата. Системот функционира на тој начин што комерцијалните банки имаат специјална дозвола да зајмуваат пари (даваат заеми, кредити) во износ повеќекратно поголем од депозитите што ги имаат од своите клиенти (фракционо банкарство), па со користење на повеќе такви трикови сѐ повеќе хартиени и електронски пари се ставаат во оптек во економијата.

Оваа појава има повеќе негативни последици. Прва и најочигледна е дека вредноста и куповната моќ на парите опаѓа. Овој тренд на глобално ниво трае речиси цел еден век. Американскиот долар има изгубено 95% од својата куповна моќ од моментот кога е формиран Системот на федералните резерви во 1913 година. Обичните граѓани тоа го забележуваат преку континуираното поскапување на производите и услугите. Во една вистинска пазарна економија цените имаат тенденција да се намалуваат како резултат на технолошките подобрувања и конкуренцијата. Но во системот кој е директно манипулиран од страна на властите и во кој количеството на пари во оптек постојано се зголемува, цените се во постојан пораст. Одредени групи профитираат од ова (посебно тие што имаат големи долгови во локална валута, на пример, владите кои се редовно едни од најголемите должници), додека други групи губат, на пример, пензионерите или штедачите.

Втора негативна последица е појавата на вештачко зголемување на цените во одреден сегмент на економијата, како последица на континуирано инјектирање пари во економијата. Така имавме рапиден пораст на цените на недвижностите, потоа рапиден раст на цените на акциите на берзите, па раст на цените на берзанските стоки и суровини. Но сите овие феномени не се ништо друго освен надувани балони кои порано или подоцна ќе пукнат. Тие балони се создаваат само поради тоа што системот е поплавен од евтини пари и многу лесни начини за задолжување без ограничување. Но како и секогаш порано, овие илузии не траат вечно. Коа ќе стане јасно дека

---

во прашање и самата способност за исплатата на тие долгови од идните генерации.

долговите не може да се вратат, тогаш балонот пука и пазарот колабира. Така почнуваат рецесиите и економските кризи.

Одговорот на властите за справување со рецесијата е токму тој кој би го очекувале од еден демократски избран политичар – уште повеќе печатење пари, задолжување и интервенционизам во економијата, и истовремена осуда на слободните пазари и на разните пазарни шпекуланти како главни виновници за кризата. Политичарите ова го прават затоа што гласачите го очекуваат тоа од нив. Мнозинството што ја изгласало партијата на власт сака нивната партија да остане што подолго на власт и политичарите прават сè да ги исполнат барањата на гласачите, за да гласаат и следниот пат за нив. Американскиот политичар Бенџамин Франклин го регистрирал овој проблем уште во XVIII век. Тој напишал: „Кога луѓето ќе сфатат дека може да си изгласаат повеќе пари, тој момент ќе биде почеток на крајот на Републиката“.

Активирањето на печатницата за пари вообичаено ја смирува ситуацијата, но секогаш само привремено и со краткотраен ефект. Во сегашниов стадиум на финансиската криза изгледа дека дојдовме до моментот кога е невозможно да се создадат нови надувани балони без да се уништи целосно системот. Властите веќе не знаат што да направат повеќе. Ако продолжат да печатат пари, го зголемуваат ризикот од појава на хиперинфлација, како во Германија во 1920-тите или во поновата историја во СР Југославија кон крајот на 90-тите, и во Зимбабве во 2001–2009[11]. Истовремено, тие не сакаат да престанат да ја „стимулираат“ економијата бидејќи со тоа економијата ќе стагнира и ќе се засили рецесијата, а гласачите не го сакаат тоа. Со еден збор, системот е во безизлезна ситуација. Властите не можат вечно да ја одржуваат илузијата што ја создале, а не смеат да ја прекинат.

---

[11] Хиперинфлацијата во Зимбабве во периодот 2008–2009 година изнесуваше 89,700,000,000,000,000,000,000% на годишно ниво, а најголемата банкнота беше со деноминација од 100 билиони зимбабвиски долари. Од 2009 г. наваму, Зимбабве нема сопствена валута и во оптек како средство за плаќање се повеќе странски валути (извор: Википедија).

Од ова гледаме дека демократијата не води во просперитет, туку во перманентен циклус на инфлација и рецесија, со сите ризици на несигурност и нестабилност што овие појави ги носат. Дали има алтернатива? Решение за демократското бескрајно трошење е да се врати довербата и респектот кон приватната сопственост. Ако сите фармери имаат сопствено пасиште, сигурно нема да дозволат да биде уништено од нивната стока. Ако сите нам ни се дозволи целосно да располагаме со тоа што сме го создале или сме го заработиле, поголеми се шансите дека создаденото нема бескорисно да се потроши.

Истовремено, ова значи дека финансискиот систем мора да се тргне од рацете на политичарите. Монетарниот систем, исто како и секоја друга економска активност, треба да биде дел од слободниот пазар. Секој треба да биде во можност да создава и да користи сопствени пари или да прифаќа пари издадени од друг во која било форма. Механизмите на слободниот пазар нема да дозволат да се создадат надувани балони, барем не со димензија и последици какви што се балоните создадени од владините манипулации со финансискиот систем.

За повеќето луѓе таквиот монетарен систем на валути креирани на слободниот пазар ќе изгледа застрашувачки. Но од историски аспект, таквиот систем низ историјата бил повеќе правило отколку исклучок. И треба да согледаме дека денешното ниво на просперитет и огромното зголемување на квалитетот на живот – индивидуално богатство што го имаме – денес не е ништо друго туку збир на сето тоа што ние како граѓани сме го создале низ генерациите во форма на производи и услуги. Ништо повеќе, ништо помалку.[12] Ниту еден трик или лажна пропаганда на властите не можат да го оспорат овој факт.

[12] Сите тековни придобивки во едно општесто се резултат на претходните генерации, а сите проекти, субвенции, социјални и економски бенефиции или се реализираат со претходно заработеното (даноци, државни резерви) или со задолжување, т.е. се поголема обврска на следните генерации. Проблемот е во тоа што овој тренд е неодржлив на подолг рок и во еден момент генерацијата што треба да ги плати сметките на сите претходни генерации ќе се соочи со проблеми од егзистенцијален карактер.